# Што е вшмукување?
# What is Suction?

Пациентите во Одделението за интензивна нега често пати не можат прописно да се искашлаат поради многу причини. Искашлувањето и прочистувањето на дишните патишта кај пациентите во интензивна нега се врши со разни катетери за вшмукување (специјални црева за вшмукување).

## Како се врши вшмукувањето?
## How does it work?

Катетерот за вшмукување е флексибилно, долго црево поврзано на едниот крај со цевката за дишење (цевката во дишникот).

Другиот крај на катетерот за искашлување е поврзан со сад (сад за собирање) и направа што овозможува да се создаде сила за вшмукување.
Кога пациентот треба да дише преку цевка за дишење, често пати се користи направа за вшмукување каква што е прикажана на сликата на оваа стараница, т.н. “inline suction device”.
Ако на пациентот не му е ставена цевка за дишење, се користи друга метода, се применува т.н. катетер за “Y-вшмукување” (Y-suction catheter). Тој е прикажан, исто така, на оваа страница.
Вшмукувањето го изведуваат физикални терапевти, медицински сестри или медицински персонал.

## Дали има некакви компликации?
## Are There Any Complications?

Сите интерванции и процедури во Одделението за интензивна нега носат одреден степен на ризик дури и кога се изведуваат од страна на обучен и искусен персонал. Ве молиме да ги продискутирате овие прашања со медицинскиот персонал кој се грижи за пациентот.

## Дали имате некакви прашања?
## Any Questions?

Секако, ако имате некакви прашња или грижи, ве молиме да разговарате со сестрите и докторите од Одделението за интензивна нега.

